РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-323/5
04-06-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 32-та седница одржана на 22.05.2026 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот број 12-2420/1 од 05.09.2025 година, оформен по пријава со наводи за неправилности при вработување на лица во Акционерско друштво -------- како и дополнителна пријава број 12-323/1 од 15.01.2026 година со наводи за неправилности во евиденцијата на работното време, **СЕ ЗАПИРА**.

ДКСК утврди дека, согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување од причина што за предметниот случај постапиле надлежни органи кои не утврдиле неправилности.

Предметот со број 12-2420/1 од 05.09.2025 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

До Државната комисија за спречување на корупцијата на ден 05.09.2025 година поднесена е пријава врз основа на која е оформен предмет број 12-2420/1, во која се изнесени наводи за нерегуларности во постапките за вработување на 53 лица во Акционерско друштво ---------, односно дека биле вработени лица кои не ги исполнувале условите согласно објавените јавни огласи.

На ден 15.01.2026 година до ДКСК е поднесена и дополнителна пријава заведена под број 12-323/1, во која се наведуваат неправилности во врска со евиденцијата на работното време.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Постапувајќи по наводите во пријавите, со цел утврдување на фактичката состојба Државната комисија се обрати до Акционерското друштво -------- и до Државниот инспекторат за труд.

Од доставениот одговор и пропратната документација од -------- произлегува дека вработувањата се реализирани врз основа на објавени јавни огласи, согласно актите за систематизација на работните места, при што за секое работно место се донесени поединечни одлуки за избор на кандидат, а за истите се обезбедени финансиски средства и добиена согласност од Министерството за финансии.

По однос на наводите од пријавите, од страна на Државниот инспекторат за труд е извршен вонреден инспекциски надзор во -------, за што е составен записник ИП1 бр. ------- од 18.03.2026 година, при што е утврдено дека постапките за вработување се спроведени согласно законските прописи, дека не се поднесени приговори од кандидатите и дека работодавачот води уредна евиденција за работното време на вработените, при што при извршениот надзор не се констатирани неправилности и постапката е запрена .

Наведениот инспекциски надзор е извршен врз основа на наводите од пријавите доставени до Државната комисија, при што надлежниот орган постапувал во рамки на своите законски надлежности и извршил целосна проверка на околностите поврзани со вработувањата и евиденцијата на работното време.

Имајќи предвид дека по конкретните наводи е постапено од страна на надлежен орган во рамки на неговите законски надлежности и дека со извршениот надзор не се утврдени неправилности, Државната комисија оцени дека не постојат елементи за понатамошно постапување од аспект на нејзините надлежности.

При ваква фактичка состојба, Државната комисија оцени дека се исполнети условите за запирање на постапката, поради што одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател,**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: м-р Ф.О., Советник
Контролирал: м-р К.З., Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., Раководител на сектор
Одобрил: З.Б., Член на ДКСК